**НАСЛОВ НА МАТЕРИЈАЛОТ:** **ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на општина Охрид

**ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ:** член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ((„Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20)

Врз

**ПРЕТСТАВНИК:** Ѓоко Апостолов

**ОБРАБОТУВАЧ:** Стручна служба

**НАДЛЕЖНОСТ:** Совет на општина Охрид

Врзоснова на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .__01.2023 година, ја донесе следната :

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
# ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА

Вовед

Одделението за локален економски развој ги врши работите на планирање на локалниот економски развој, предлага развојни и структурни приоритети на ниво на општина Охрид, предлага мерки и активности за водење на локалната економска политика и развој на малите и средни претпријатија, претприемништво, се грижи за развојот и исполнувањето на законските обврски во сферата на занаетчиството, угостителството и трговијата, ја координира својата работа со другите сектори во рамките на администрацијата на општина Охрид и врши други работи кои ќе му бидат определени. Програмата за поддршка на локалниот економски развој се изработува врз основа на надлежностите на Локалната Самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Се планирааат и предлагаат мерки и активности во соработка со другите сектори во рамки на администрацијата на општина Охрид за развојни и структурни приорите на ниво на градот, иницира проекти што ќе се предложат за подршка од меѓународни, странски и домашни инвеститори.

Сите мерки кои ги предлага и превзема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на услугите и животниот стандард на жителите на општина Охрид. Со стратешко планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон постигнување и јакнење на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување со што општина Охрид остварува чекор напред во реализација на главните цели на Европската Унија за локален развој.

Активностите во оваа програма се креирани согласно потребите на локалното население детектирани при изработката на стратешките документи, Стратегијата за развој на туризам и Стратегијата за рурален развој.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија во следните главни насоки на дејствување:

I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА
II. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY
III. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
IV. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2023 во износ од **25.056.800,00 денари** ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **5.350.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **19.706.800,00 ден** |
| | Вкупно | **25.056.800,00 ден** |

## I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

Активностите кои се предвидени во овој дел од програмата се насочени кон подобрување на економската клима во градот, но воедно и еден од најсуштинските за привлекување на директни инвестиции, а со тоа и отварање на нови работни места. Економското зајакнување на градот е една од целите кои треба да се постигнат со реализацијата на предвидените активности. Токму затоа дел од активностите за зајакнување на локалниот економски развој предвидуваат воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите и сл.

### 1.1. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид

Во рамки на оваа активност предвидено е формирање и регистрација на локална акциона група согласно постојната законска регулатива. ЛИДЕР програмата е во функција на локалните чинители и на развојот на руралните средини. Станува збор за исклучително важна програма од особеното значење на руралниот развој, како клучен фактор за зачувување на населението во местата на нивно живеење. За тоа е неопходна континуирана синергична активност на сите локални чинители, помогнати од надлежните државни органи и подржани од локалната самоуправа. ЛИДЕР моделот, кој веќе 20 години функционира во ЕУ, а има мултисекторски пристап е (кратенка од француски јазик која означува – поврзување меѓу развојните активности и руралната економија). Станува збор за едно од успешните достигнувања на ЕУ, кое досега поминало низ четири фази, а од 2007 година претставува инструмент на заедничката политика и стратегија на ЕУ, која е интегрирана во националните и локалните програми за развој на земјоделството во земјите членки. Со овој пристап се поттикнуваат руралните средини да ги користат своите ресурси за обезбедување на одржлив развој, кој се справува со општествените, економските и еколошките предизвици. Тоа е концепт кој влијае на промена на менаталитетот на сите релевантни фактори во руралните средини. Тоа се промени во смисла на обедиент заеднички пристап во решавањето на конкретните проблем.

| **Предвиден буџет** | **0,00 ден** |
|---|---|

### 1.2. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна

Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде функционално искористена. Ист е случајот и со објектите кои се лоцирани таму, а кои веќе долго време не функционираат и се во прилично лоша состојба. Сепак, веќе реновираната една зграда, како и планираните содржини од рекреативен карактер, се показател дека истата може да прерасне во нов урбан центар на градот. Со цел, зачувување на функционалноста на локацијата, нејзиното транформирање во јавна површина со комбиниран карактер (технолошки и рекреативен), потребен е сериозен и сеопфатен пристап во планирањето на нејзиниот развој. Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен

документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Самиот концепт за нејзина трансформација ќе овозможи развој на голем број на незагадувачки дејности, дисперзија на гравитирањето на населението и посетителите надвор од градскиот центар, ќе овозможи отварање на работни места, а воедно ќе биде и место за разонода и рекреација на сите генерации. Преку оваа студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл.

**Предвиден буџет** **1.566.800,00 ден**

### 1.3. Изработка на инвестициски каталог за Охрид

Оваа активност предвидува изработка на брошура за промоција на мерките кои се насочени кон поддршка на економијата, чија основна цел е стимулирање на инвестиции, технолошки развој и зголемување на конкурентноста на македонските компании, но и промоција на поволностите кои се на располагање привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот.

**Предвиден буџет** **0,00 ден**

### 1.4. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид

Во насока на поддршка на невработени лица за нивно полесно снаоѓање на пазарот на труд општина Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. Со оваа активност е предвидено одржување на серија на стручни обуки кои ќе се реализираат во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Изборот на струките за кои ќе се врши прекфалификација и докфалификација се прави врз основа наспроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство. Обуките ќе се спроведуваат во различни сегменти, така што, согласно потребите на пазарот заинтересираните и избрани лица ќе можат да посетуваат и обуки за учење на странски јазици.

**Предвиден буџет** **400.000,00 ден**

### 1.5. Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид

Овие активности произлегуваат од досегашното активно учеството на општината во реализација на проектот: **Национална платформа за женско претприемништво (НПЖП). Поддршката на оваа Платформа е направена преку потпишување на Декларација за учество од страна на грдаоначалникот на општина Охрид и иницијативата за формирање на Совет за поддршка на женско претприемништво на општина Охрид .**
Целни групи на активностите би биле Жени претприемачи (тековни и потенцијални) ; Невработени жени од Општина Охрид ;Микро, мали и средни компании од општината ; Организации за поддршка на бизнис секторот од Општина Охрид ; Здруженија на граѓани и невладини организации од Општина Охрид

**Предвиден буџет** **0,00 ден**

### 1.6. Субвенционирање на занаетчиски дејности

Секторот за ТЛЕР предвидува мерка вклучува субвенционирање на одредена категорија на занаетчии, Право на користење на субвенцијата ќе имаат веќе регистрираните занаетчии (за кои листа на занаети ќе биде утврдена во соработка со Регионалната Занаетчиска Комора. Реализацијата ќе се одвива преку објавување на Јавен Повик во кој ќе бидат дефинирани критериумите и условите за користење на средства.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **200.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно предвиден буџет за I:** | **2.166.800,00 ден** |

## II. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY

### 2.1. Изработка на Green City Action Plan (GCAP), со цел аплицирање во програмата на EBRD Green Cities

Со цел зачленување во програмата на **EBRD Green Cities**, потребно е да се изработи Акционен План, кој го финансира **EBRD.**

| **Предвиден буџет** | **0,00 ден** |
|---|---|

### 2.2. Smart City Bike System "Ohrid Go Mobile" – Градски Систем за Велосипеди

Градскиот SMART систем за велосипеди ќе биде воспоставен со цел да ги реши предизвиците на урбаната микромобилност и да го подобри квалитетот на животот за жителите на градот. Споделувањето велосипед ќе биде алтернативна транспортна опција, дополнување на јавниот превоз, фокусирана на жителите и посетителите / туристите. Ваквиот систем се предвидува да има повеќекратна вредност, како за луѓето, така и за животната средина. Системите за споделување велосипеди имаат позитивни надворешни ефекти врз економијата, употребата на енергија, животната средина и јавното здравје. Споделувањето велосипед е исто така корисно за намалување на урбаниот метеж, загадувањето со бучава, намалување на $CO2$ емисиите и сл. Системот за споделување велосипеди ќе има особено големо значење за Охрид, каде што имаме голем прилив на туристи во летните месеци. Исто така, ќе има позитивно економско влијание врз комерцијалните области, при што станиците за споделување велосипеди привлекуваат повеќе потрошувачи во блиските бизниси, а корисниците на овие велосипеди имаат поголема веројатност да трошат пари во близина на станиците за споделување велосипеди. Воедно, со користењето на овие велосипеди, се користи значително помалку време за наоѓање паркинг. Ваквиот систем на велосипеди може да поттикне нова демографија - оние кои вообичаено не возат велосипед - да почнат да користат велосипеди за транспорт.

Со оваа активност е предвидено да се набават 60 велосипеди, кои ќе бидат поставени на 10 докинг станици (паркиралишта), во градот и неговата околина.

| **Предвиден буџет** | **10.400.000,00 ден** |
|---|---|

### 2.3. Smart Street "Ohrid Go Smart" – Поставување на Паметни урбани елементи на ул. „Македонски Просветители"

Во насока на постигнување на актуелните светски стандарди за трансформација во паметни градови, општина Охрид ќе спроведе пилот проект за поставување на урбани елементи на ул. „Македонски Просветители", и тоа паметен паркин систем, паметни клупи и паметно решение за справување со отпад.

| **Предвиден буџет** | **3.700.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за II:** | **14.410.000,00 ден** |
|---|---|

## III. РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Операционализација и спроведување на целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој со директно вклучување во процесот на имплементација на микрозаедниците преку финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.

### 3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој

Операционализација и спроведување на целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој со директно вклучување во процесот на имплементација на микрозаедниците преку финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.
Ваквата форма на стимулирање на партиципативноста на локалното население претставува ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива исклучиво со поддршка на месните заедници. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, со дефинирани области на интервенција, Вид на програми/проекти што ќе бидат поддржани, прифатливи и неприфатливи активности и трошоци и минимални капацитети и искуства кои ќе треба да ги задоволат потенцијалните апликанти.

| **Предвиден буџет** | **450.000,00 ден** |
|---|---|

### 3.2. Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини – субвенционирање на регистрирани даватели на туристички и угостителски услуги во руралните средини

Оваа активност вклучува креирање на мерки и активности кои имаат за цел да го поттикнат економскиот и општествениот развој во руралните средини со цел спречување на миграција на младите луѓе, како и создавање на услови за зголемена економска активност во руралните подрачја и развој на нови производи и услуги во руралниот туризам.

| **Предвиден буџет** | **400.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за III:** | **850.000,00 ден** |
|---|---|

## IV. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

Една од круцијалните активности на Одделението за локален економски развој, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.
Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

### 4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. **Разликата која се јавува во програмскиот и во апликативниот дел во буџетот за 2023 годиона се однесува на делот за сопствено учество во проектите и техниката на обезбедување на сопственото учество.**

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **200.000,00 ден** |

### 4.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во рамки на севкупниот локален економски развој, а претставуваат активности кои ќе се реализираат во рамки на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори.
Во рамки на програмата EU for municipalities, аплициран и одобрен е проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)” кој отпочна со реализација на 01.12.2021 година. Проектот е во партнерство со Stellar Solutions од Скопје, и општина Воден, Грција. Вкупен буџет на проектот е 716.724,88 еур, и ќе се реализира во наредните 2 и пол години. За оваа година е предвидено да се реализираат активности во висина од 4.000.000,00 мкд.
По потпишувањето на договорот со Јапонска Амбасада за донирање на средства за набавка на возило за ЈП Нискоградба буџетот се проширува со 3.740.000,оо денари.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **7.740.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно планиран буџет за IV:** | **7.940.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2023:** | **25.056.800,00 ден** |

| Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА** | | | |
| 1.1. | ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид | / | / | / |
| 1.2. | Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна | | 1.566.800,00 | 1.566.800,00 |
| 1.3. | Изработка на инвестициски каталог за Охрид | 0,00 | | 0,00 |
| 1.4. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| 1.5. | Активности за поддршка на женско претприемништво во општина Охрид | 0,00 | | 0,00 |
| 1.6 | Субвенционирање на занаетчиски дејности | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| | **Вкупно 1** | **600.000,00** | **1.566.800,00** | **2.166.800,00** |
| **II** | **ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY** | | | |
| 2.1. | Изработка на Green City Action Plan (GCAP), со цел аплицирање во програмата на EBRD Green Cities | / | / | / |
| 2.2. | Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди | | 10.400.000,00 | 10.400.000,00 |
| 2.3. | Smart Street “Ohrid Go Smart” – Поставување на Паметни урбани елементи на ул „Македонски Просветители“ | 3.700.000,00 | | 3.700.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **3.700.000,00** | **10.400.000,00** | **14.100.000,00** |
| **III** | **РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ** | | | |
| 3.1. | Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој | 450.000,00 | | 450.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. | Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини. – субвенционирање на регистрирани даватели на туристички и угостителски услуги во руралните средини | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| 3.3. | Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 0,00 | | 0,00 |
| | **Вкупно 3** | **850.000,00** | | **850.000,00** |
| **IV** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |
| 4.1. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 4.2. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | | 7.740.000,00 | 7.740.000,00 |
| | **Вкупно 4** | **200.000,00** | **7.740.000,00** | **7.940.000,00** |
| | | **5.350.000,00** | **19.706.800,00** | **25.056.800,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-**
**год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев**